Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 18/0306
22.01 20 18 год.
Скопје

22.01.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 16 јануари 2018 година, врз основа на примена жалба од Даниел Калајџиески, поднесена против интернет порталот „Плусинфо", ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

Текстот не отстапува од професионалните
и етичките стандарди

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 27 декември 2017 година, Даниел Калајџиески поднесе жалба за текстот насловен „Автобус на ЈСП прегази жена", објавен на 27 декември, на интернет порталот „Плусунфо" (www.plusinfo.mk).

Во жалбата се наведува дека се прекршени членовите 7 и 8 од Кодексот на новинарите на Македонија, односно дека новинарот треба ја почитува приватноста на личноста, како и дека во случаи на несреќи, начинот на информирање мора да биде ослободен од сензационализми.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Плусинфо" и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Главниот и одговорен уредник Бранко Героски одговори на наводите на жалителот.

Смета дека текстот е етички и дека по сите правила на новинарската професија, станува збор за информација од јавен интерес.

*„Во текстот, како што се гледа, нема детални описи на местото на настанот или било какви други дополнителни информации што би можеле да предизвикаат болка кај блиските на жртвата или на возачот на автобусот, или евентуално последици во поглед на истрагата за настанот"*, се посочува во одговорот на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата во однос на содржината е **НЕОСНОВАНА** и дека во текстот на „Плусинфо"нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 16 јануари 2018 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина. Комисијата, најнапред, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во неа. Нејзината надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

При своето одлучување, Комисијата, најпрво, констатираше дека се работи за информација од црната хроника, која произлегува од јавниот интерес и е преземена од друг медиум.

Членовите на Комисијата утврдија дека во текстот нема повреда на приватноста на личноста, а со тоа и на личната болка и жалост, бидејќи ниту во содржината на текстот, ниту на фотографијата не е објавен идентитетот на жртвата.

Комисијата не најде елементи ниту дека се работи за сензационалистичка информација во случај на несреќа, зашто новинарот користи примерен јазик, а фотографијата нема вознемирувачки карактер.

Во тој контекст, Комисијата ги повикува медиумите да бидат посебно внимателни во случаи на трагедии и несреќи и да информираат на начин на кој ќе почитуваат приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост, а правото на јавноста да биде информирана не може да биде оправдување на потребата од сензација.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски и Гоце Герасимовски.

**Се обврзува „Плусинфо“ (www.plusinfo.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија * ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595